**20170841463**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 4.7.2017 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1 Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.192/16, 32/17, 73/17 и 77/17) во членот 2 во ставот 2 во табелата по подмерката 1.7 се додава нова подмерка 1.7-а која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.7-а | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5 за продадени лубеници на регистрирани откупувачи | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засадени површини со лубеници и се корисници од подмерката 1.5 на оваа уредба, оствареното производство да е продадено на регистрирани откупувачи во периодот од 3 јули 2017 година до 15 јули 2017 година.<br>- При пресметката на директните плаќања се земаат во предвид само количините кои не надминуваат 50.000 килограми по хектар.<br>- Висината на директните плаќања изнесува 2,00 денари по килограм. |

“

Член 2 Во член 4 во точката 3 по бројот„1.7 “ се додаваат зборовите „1.7-а“.

Член 3 Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-3137/1
4 јули 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.